РЕЦЕНЗИЈА

# Наше колекционерство

Tweet
Like 0 Share
11 август 2008 - 15:50

Факт е дека колекционерството кај нас е извесна дополна на музејските и галериски колекции кои имаат повеќе празнини во збирките на современата македонска уметност



Со создавањето на современата македонска уметност, во првите децении на 20 век се појави и се развиваше ликовната критика, како и првите колекционери од "наш" тип. Притоа, вкусот и критериумите на публиката покажаа забележителен развој. Неодамна, во дневен весник можеше да се прочита дека колекционерството кај нас се појавило по 1991 година со осамостојувањето на Р. Македонија. Познати се, во еден дел од колекциите на бизнисмените Т. Костовски (колекција крстови и дела од современи уметници), Р. Гуштеров (чија црква "СВ. Троица" во Радовиш ја осликаа украински мајстори, а иконите ги изработи Д. Кал'чев итн), В. Буцо Лазов (кој покажува интерес за поновите движења во македонската уметност, од Д. Манев се до некои проверени помлади уметници), Т. Кондев (кој презентирал дела од колекцијата македонски уметници и бара галерија во која ќе бидат постојано изложени). Во информацијата не се споменуваат значајните колекционери на сем. Ќемал Сејфула (со дела и од југословенски уметници), Д. Весов, М. Нурединовски, Р. и М. Скаловски (кои ги изложија делата од основноположниците на македонската

уметност), фам. Црвенковски, фам. Минчеви, И. Тодоровски, М. Ноневски, Б. Механџиски, Лазар Манојловски (дела од Б. Ивковиќ), Митко Кочовски (богата колекција на македонската уметност), Златко Поповски, потоа колекциите на д-р Д. Карамитре (кој грижливо собирал дела од Р. Росиќ), потоа А. Живков, В. Аврамовски (со дваесетина слики од М. Коџоман и др.) итн.



Колекционирањето на дела од македонската уметност, како најдостапна има и приватен карактер и оттука покрај низата позитивни можности (згрижување, регистрирање, обработување и презентирање на делата, едукацијата, како и задоволувањето на стручно-научни истражувања), сериозно се поставува прашањето на нивно регистрирање и заштита како наше културно богатство. Постојат секако и колекции кои се неекспонирани или остануваат анонимни, што не значи дека не можат да бидат видени, изложени или евидентирани некои уметнички дела. Да се биде колекционер неопходни се пари и простор, пред се голема љубов кон ликовната уметност. Колекционерите остваруваат блиски контакти со уметниците или нивните семејства, некои од нив и со историчарите на уметноста и други стручњаци. Тие, за да добијат некое дело преземаат и посложени или дури ризични акции за добивање уметничко дело. Начинот на правење колекции е условен и сообразен за нашите услови и можности од различен вид. Секако, голема е желбата зад себе да се остави вредна трага од културата на еден народ. Факт е дека колекционерството кај нас е извесна дополна на музејските и галериски колекции кои имаат повеќе празнини во збирките на современата македонска уметност.



Македонските колекционери "одат на сигурно", тие не сакаат да ризикуваат, туку следат проверени вредности. Оттука, нашите колекционери не можат да се споредуваат со колекционери од други центри во светот, како што е Т. Чепеи (со уредно подредена и обработена колекција на делата од В. Вазарели) или пак на Г. Валдес со дела од Ф. Купка. Сепак, и кај нас можеше да се види изложба на слики од Д. Манев, со што се потврдува фактот дека малку примери можат да се наведат на колекционери кои ја поврзале страста спрема уметничкото дело, потоа брзината, добриот осет и парите што би придонело да се создадат посебни колекции. Станува збор за љубители на уметноста кои се грижат за својот социјален и културен статус, а ретко за презентирање дела заради зголемување на нивната пазарна вредност. Ние ги немаме колекционерите од типот на В. Мацура и М. Судац наклонети кон собирање дела од авангардната југословенска уметност со документација која претставува драгоцен материјал за истражување на таквите појави во одредена средина.
Неодамна во Музејот на современа уметност во Скопје беше организирана изложбата на уметникот Виктор Вазарели со серигрфии и објекти кои се сопственост на приватен колекционер. Изложбата беше пример за добрите страни на еден вистински колекционер кој поседува дела од најпознатиот претставник на оптикалната уметност во светот, правец зацврстен во шеесеттите години на 20 век, во променети општествени и економски услови. Вазарели има речено: "Не е потребно да барате клуч за разрешување на моите дела, потребно е да ги отворите очите и да оставите да завладеат сетилата...". Колекцијата содржи дела од 1930 до 1990 година, меѓутоа останува препознатлив неговиот стил заснован на систем на црно-бели односи, на бинарниот јазик на кабернетиката (би-боја и би-форма) со специфично распоредување на стандардни геометриски елементи кои создаваат ефект на непрекинатост на вибрирањето на елементи надвор и внатре, во симетрија, но и со пукнатини кои на научната прецизност и даваат ирационални сугестии. Во педесеттите години неговиот концепт на форми и бои се преобразува во раздвижени, тридимензионални структури на илузионистичка оптичка игра која резултра со објекти - мултипли кои посебно го привлекоа вниманието.

***Владимир ВЕЛИЧКОВСКИ***